# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 17.09. 2024 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 9 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за избор на членови во состав на локалниот економски-социјален совет на Општина Свети Николе бр. 0801 – 842 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година.

**Бр.0901- 863**
**17.09. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 в.в. со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), Одлуката за пристапување кон основање на локален Економско-социјален совет на Општина Свети Николе бр.0801-346 од 20.05.2015 година на Советот на Општина Свети Николе и член 4 од Спогодбата за основање локален Економско-социјален совет на Општина Свети Николе бр.0901-490 од 27.08.2015 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 17.09.2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за избор на членови во состав на локалниот економско-социјален совет на**

**Општина Свети Николе**

**Член 1**

За членови во состав на локалниот економско-социјален совет на Општина Свети Николе како преставници на Општина Свети Николе се избираат:

- Дејан Владев
- Ивана Димитрова
- Мики Мишев
- Кристијан Бошков

Како членови-преставници на Организацијата на работодавачи на Македонија се избираат:

- Гордан Паневски - ,,ЛИОН,,
- Игор Стојанов - ,,БИМ,,
- Владимир Стамболиев ,,АГП,,

Како член-преставник на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија се избира:

- Ленче Стојчева

Коко член-преставник на Сојуз на синдикати на Македонија се избира:

- Маринела Зафирова

**Член 2**

Мандатот на членовит на локалниот Економско-социјален совет трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Решението стапува на сила веднаш и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 842** **Совет на Општина Свети Николе**

**17.09. 2024 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за именување членови на Локален Совет за превенција при Општина Свети Николе бр. 0801 – 843 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година.

**Бр.0901- 863/2** **Општина Свети Николе**
**17.09. 2024 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за полиција член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), и член 41 од Статутот на Општина Свети Николе, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година , донесе

**Одлука**
**за именување членови на Локален Совет за превенција при ОпШтина Свети Николе**

**Член 1**

За членови на Локален Совет за превенција при Општина Свети Николе се именуваат:

1. Дејан Владев – Градоначалник на Општина Свети Николе
2. Мики Мишев и Ивана Димитрова лица одредени од Градоначалникот за специфични задолженија, преставници од Локална самоуправа.
3. Горан Колев – Заменик Командир на ПС од ОН Свети Николе
4. Никола Митев – Помлад јавнообвинителски соработник за казнено право во Основно Јавно Обвинителство Свети Николе
5. Гордан Миланов претставник од Министерство за правда
6. Марија Манасова Коцев и Александра Саздевска преставници од МТСП.
7. Др. Зоран Панев преставник од Министерството за здравство
8. Анета Ивановска, Жаклина Милошева, Сузана Дерменџиева, Драгица Јованова – претставници од Министерство за образование
9. Даниела Панева преставник од Граѓански сектор – Организација на жени на Општина Свети Николе и Кире Костов Здружение на пензионери Свети Николе.
10. Претставници на бизнис заедницата –Гордан Паневски од ЛИОН Свети Николе, Владимир Стамболиев од АГП дооел Свети Николе
11. Отец Спиридон Петрушевски – претставник од религиозна заедница
12. Ѓоре Дечков Преставник од Медиумите – ТВ СВЕТ
13. Валерија Ивановска Претседател на совет на Општина Свети Николе

14. Александар Лазев Командир на ТППЕ во Општина Свети Николе преставник од ТППЕ Свети Николе.
15. Елизабета Јованчева преставник од ДЗС
16. Ристе Панев преставник од ЦУК

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801-843**
**17.09. 2024 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Совет на ОпШтина Свети Николе**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2024 година бр. 0801 – 844 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година.

**Бр.0901- 863/3**
**17.09. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), член 5 и член 20-б од Закон за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ,, бр.27/14, 199/14,27/16,35/18,198/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.143/19и 14/20), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2024год.**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2024год. на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 844**
**17.09. 2024година**
**СветиНиколе**

**СоветнаОпштинаСветиНиколе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување и одобрување на општински линиски превоз на патници во Општина Свети Николебр. 0801 – 845 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година.

**Бр.0901- 863/4**
**17.09. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 9,19 и 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ„ бр174/18) член 5 став1 точка 5 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр.45/97;23/99;45/02;16/04) и член 16 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Св.Николе („Службен гласник на Општина Св.Николе„) бр.1/05, Советот на Општина Св.Николе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување и одобрување на општински линиски превоз на патници во Општина Свети Николе**

**член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на вршење на општински линиски превоз во општина Свети Николе. Општински линиски превоз може да вршат превозници кои имаат лиценца за таков вид на превоз и предходно од градоначалникот добиено Дозвола и регистриран возен ред за определена линија.

**член 2**

Општина Свети Николе го уредува општинскиот линиски превоз како јавен превоз на патници на подрачјето на општината при што особено утврдува:

1.Единствена **мрежа на линии**.
2.Единствен **возен ред,** начин на негово истакнување , одржување и менување.
3.Начин на организирање на **контрола и евиденција на линиите**.во сообраќајот на автобусите,комбиња или минибусите.
4.**Тарифен систем** и систем за наплата.
5.**Локација,обележување и користење на автобуските терминали**, свртувалиШта , стојалиШта и постапка за нивна измена.
6.**Одредување на релација и место на превоз** со комби возила со најмалку девет седиШта(8+1)и
7. **Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата** за врШење на опШтински линиски превоз распределувањето на линиите на превозниците во опШтинскиот линиски превоз.

**I 1.ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ**

**член 3**

**Број на линии,назив на траса на линија:**

1. Свети Николе-Амзибегово-ЦрнилиШте-ПеШирово
2. Свети Николе - Ерџелија-Мустафино-Кадрифаково
3. Свети Николе - Горобинци - Сопот

**член 4**

Превозот на патници согласно утврдената мрежа на линии од член 3 од оваа Одлука го организира Општина Свети Николе како единствен техничко-технолошки, економски и сообраќаен систем.

Превозот на патници во Општина Свети Николе го вршат превозници врз основа на лиценца издадена од Градоначалникот на Општината.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз, откако Ќе добие дозвола и Ќе регистрира возен ред за определената линија кај Градоначалникот на Општината.Дозволата , лиценцата и возниот ред , регистриран во општината се издаваат за важност од 5 години.

**член 5**

Превозниците, урбаните заедници, месните заедници, други институции и граЃаните можат да **иницираат отворање на нови линии Што не се содржани во мрежата на автобуски линии, продолжување и скратување на постојните автобуски линии.**

За отворање на нови, продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии одлучува Советот на ОпШтина Свети Николе на предлог на Градоначалникот ако се исполнети неопходните сообраЌајно-технички и економски услови.

При иницијатива за отворање на нови линии, ОпШтината води сметка новите линии да не се поклопуваат со старите линии на другите превозници и да имаат минимално временско растојание од 15 минути пред и 15 минути после постојните линии.

**член 6**

**Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив.** Називот на линијата се означува со името на почетно-крајното свртувалиште. бројот и називот на линијата се поставува во возилото, на автобуските стојалишта и на автобуските свртувалишта.

Бројот и називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.

Бројот и називот на автобуската линија се истакнуваат на предната и бочната десна страна на автобусот.

**член 7**

**Општинскиот линиски превоз се врши со единечни автобуси,минибуси и со комби возила со најмногу 9 седишта** кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење на превоз на патници.

**член 8**

Автобусите со кои се врши општински линиски превоз на патници на надворешните бочни страни имаат натпис со називот и заштитниот знак на превозникот, испишан на бела основа со црна боја со кирилско писмо на македонски јазик.

**член 9**

Автобусите со кои се врши општински линиски превоз на патници можат да имаат и рекламни натписи.

Рекламните натписи на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кои се поставуваат реклами.

**член 10**

Автобусите во внатрешноста на возилото треба да имаат натписи и ознака за информирање на патниците и тоа:

1. Бројот на регистрирани места за седење и стоење;
2. Натпис и ознака ,,забрането пушење,,
3. Натпис со содржина за седиштата кои првенствено се наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе;
4. Одбележување на вратите за влез и излез на патниците.

## 2. ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ

**член 11**

Возниот ред во согласност со мрежата на линии го изготвува превозникот, а го регистрира надлежниот орган при општина Свети Николе, со рок на важност од 5 години.По истек на рокот за кој е издадена дозволата за врШење на опШтински линиски превоз, истат може да се продолжи.

Возниот ред и линијата се регистрираат на име на превозникот и не можат да се пренесуваат на друг превозник.

**член 12**

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајни свртувалишта, време на доаѓање и поаѓање на возилата на почетно- крајните свртувалишта и рок на важење.

**член 13**

Возниот ред го истакнува превозникот на почетно-крајните свртувалишта и во возилото и на попатните станици.

**член 14**

Качувањето и слегувањето на патниците се врШи само на автобуските стојалишта согласно со утврдениот и регистриран возен ред.

**член 15**

При вршењето на општинскиот линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

**член 16**

При реализацијата на возниот ред на секоја линија превозникот е должен да застанува само на автобуските стојалишта и свртувалишта со утврдениот и регистриран возен ред.

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на определена линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата.

Превозникот е должен за привремено запирање на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган и јавноста преку средствата за јавно информирање.

## 3. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

**член 17**

Контролата на сообраќајот на автобусите и линиите ја врши превозникот преку сопствената служба за контрола, како и овластен инспектор за патен сообраќај на Општината.

Евиденцијата за прибирање, обработување, чување и посредување со податоци за издавање на лиценци за вршење на овој вид на превоз, регистрација на возните редови како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници врШи надлежниот опШтински орган.

## 4.ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА

**член 18**

Во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

**член 19**

Системот на наплата Ќе се применува преку продажба на билети на автобуската станица и продажба на билети во возилото.

Цената на билетот купен на автобуската станица и во возилото е иста.

**член 20**

За превозните услуги превозникот може да издава и претплатни билети (месечни и годиШни).

**член 21**

Ценовникот го утврдува и објавува превозникот и за тоа известување поднесува барање за одобрение од надлежниот опШтински орган.

**член 22**

За користење на услугите на превозот, патникот е должен во возилото да има пониШтен билет, претплатен билет, или друга возна легитимација.

Патникот е должен на барање на службеното лице во возилото да покаже возен билет кој е пониШтен за време на корисењето на услугата, исправен претплатен билет или друга истравна возна легитимација.

Патникот кој нема исправен билет, претплатен билет или друга легитимација должен е да плати казнен билет.

Цената на казнениот билет изнесува петкратен износ од цената на најдолгата релација на линијата каде е затечен патникот. Доколку патникот одбие да плати казнен билет должен е да се легитимира пред персоналот на автобусот заради судска наплата на казнениот билет.

## 5.ЛОКАЦИЈА,ОБЕЛЕЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИшТА , СТОЈАЛИшТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА.

**член 23**

Автобуски **почетно-крајни стојалишта (свртувалишта**) лоцирани на подрачјето на Општина Свети Николе се:

1. Автобуска станица, ул.,,В.ВлаховиЌ,, бб
2. Кадрифаково
3. Пеширово
4. Сопот

**Попатни автобуски стојалишта се:**

1. Горобински пат (раскрсница ул.,,Младинска,,- ул.,,КарпоШева,,)
2. АД Мода
3. Мустафино
4. Ерџелија
5. Амзибегово и
6. Црнилиште

**член 24**

Изградбата,обележувањето,опремувањето,одржувањето и користењето на терминалите, свртувалиштата и стојалиштата во општинскиот линиски превоз на патници го врши и уредува надлежниот опШтински орган.

**член 25**

Автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта се обележуваат со табла. Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиШте и автобуското свртлалиШте како и други натписи Што служат за известување на патниците (возен ред и слично). Таблата се истакнува на видно место на самото автобуското стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта наменета за застанување на автобусите, се обележува со стандардната ознака „БУС„ со жолта боја, од страна на субјектот задолжен за обележубање на улиците.

**член 26**

Автобуските терминали, стојалиШта и свртувалишта треба да имаат:

1. Настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изградена од погоден материјал;
2. Број и назив на линиите Што поаЃаат, доаЃаат и поминуваат на основното стојалиште или свртувалиште;

Автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта можат да имаат и:

1. Урбана опрема;
2. Рекламни паноа;
3. Други содржини.

**член 27**

Надлежниот опШтински орган може да го определува со посебен акт видот и материјалот на опремата и другите содржини на терминалите, свртувалиш тата и стојалиш тата.

**член 28**

Опремата за автобуските терминали, стојалиШта и свртувалиШта под услови и во согласност на Секторот за урбанизам, комунални работи, патен сообраЌај и заштита на животната средина може да се користи за реклама, пропаганда и известување.

**член 29**

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема, со процентот со кој учествуваат во релацијата на единствениот возен ред на мрежата на линиите.

## 6. КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ

**член 30**

ОпШтински линиски превоз се врШи со дозвола за определена линија Што ја издава градоначалникот на опШтината за подрачјето на опШтината.ОпШтински линиски превоз може да врШат превозници кои имаат лиценца за таков вид на превоз.Дозвола,регистриран возен ред,Лиценца за вршење превоз на патници во Општина Свети Николе И извод од лиценца за соодветното возило издава Градоначалникот на барање на превозниците за рок од 5 години.

**член 31**

За добивање на лиценца покрај општите услови за вршење на дејноста превозникот треба да ги испонува и следните услови:

- Превозникот да е впишан во трговскиот регистар за вршење на превоз во патниот сообраЌај и да има решение за вршење на претежната дејност за одделен вид на превоз;
- Превозникот да е сопственик на едно или повеЌе возила што ги исполнуваат посебните техничко експлоатациони услови пропишани за вршење на одделни видови на превоз;
- Да има вработено возачи во зависност од бројот на моторните возила (автобуси,минибуси, комби возила) Што ги исполнуваат условите предвидени со прописите на безбедност на сообраЌајот на патишб тата;
- Управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има саертификат за професионална компетентност;
- Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедност во јавниот сообраЌај;
- Да има во сопственост капацитет за паркирање или одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалки 5 години;
- Во возилата за врШење на опШтински линиски превоз на патници да има вградено фискален апарат;
- возилото да е со пропиШана боја.

**член 32**

Органот надлежен за издавање на лиценци на превозникот со реШение Ќе му ја одземе лиценцата ако утврди дека:

- Превозникот повеќе не ги исполнува условите за добивање на лиценца;
- ВрШи превоз спротивно на издадената лиценца;
- Превозникот престане со врШење на дејноста во патниот сообраЌај .

Со реШението за одземање на лиценцата издавачот на лиценцата го повикува превозникот во рок од 8 дена од денот на приемот на реШението да му ја врати лиценцата.

Против реШението на Градоначалникот за одземање на лиценцата може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на реШението до Министерот на транспорт и врски.

**член 33**

Распределбата на линиите по превозници Ќе се врши согласно критериумите пропишани со оваа Одлука.

Постапката за распределба на линии со објава Ќе ја спроведе пет-то члена комисија формирана од Градоначалникот.

**член 34**

При распределбата на линиите Ќе се води сметка превозникот да ги испонува критериумите според следниот редослед:

- Има поголем број сопствени регистрирани автобуси;
- Има соодветна опрема во просторот за одржување и поправка на автобусите;
- Најниска просечна старост на автобусите;
- Поголем број на вработени;
- Соодветен стручен кадар за квалитетно одржување и поправки на автобусите како и за квалитетно врШење на превозот;
- Располага со соодветен паркинг за возила;
- Најдолго време врШи јавен превоз на патници и
- Најниска понудена цена.

## II НАДЗОР

**член 35**

Надзор над законитоста на работата на превозниците Што врШат опШтински линиски превоз на патници врШи надлежниот опШтински орган.

**член 36**

Надзор на примената на одредбата од Законот за превоз во патниот сообраЌај и одредбите на оваа одлука врШи овластен инспектор за патен сообраЌај на ОпШтината.

**член 37**

Превозниците во опШтинскиот линиски превоз на патници во ОпШтина Свети Николе се должни на овластените инспектори за патен сообраЌај на опШтината, да им овозможат врШење на инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја оставаат на увид потребната техничка и друга документација.

## III ПРЕОДНИ И ЗАВРшНИ ОДРЕДБИ

**член 38**

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропиШани со Законот за превоз во патниот сообраЌај.

**член 39**

Превозниците кои врШат превоз на патници во опШтинскиот линиски сообраЌај во ОпШтина Св.Николе, должни се да го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**член 40**

Обврските од член 8, 9 и 10 од оваа Одлука превозниците кои врШат превоз на патници во опШтинскиот линиски сообраЌај во ОпШтина Св.Николе се должни да ги реализираат во рок од Шест месеци по донесувањето на оваа Одлука.

**член 41**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за општиснки линиски превоз во ОпШтина Свети Николе бр.0801-566 од 05.09. 2019 година.

**член 42**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на ОпШтина Св.Николе,,.

**Бр. 0801- 845**
**17.09. 2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Правилник за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Свети Николе на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор бр. 0801 – 846 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 17.09. 2024 година.

**Бр.0901- 863/5**
**17.09. 2024 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 22 а в.в. со член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник,, бр. 5/2002), како и член 22-а од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24 и 74/24) и член 49 и 54 од Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22), член 29 од Закон за Црвениот Крст На Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/94, 7/97, 21/98 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 17.09. 2024 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Свети Николе на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од обласста на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот,постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Свети Николе на програми, проекти, активности,

натпревари, настани, турнири и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор (Во натамошниот текст: Предлог/зи).
Целта на Општина Свети Николе е во рамките на своите законски надлежности и можности да обезбеди развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областите на спортскиот, културниот и опшествениот живот (локалниот и економскиот развој, образованието, културата, младите, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата, туризмот и други области).

**ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВА**

**Член 2**

Буџетските средства се наменети за поддршка на следниве Приматели на средства чиешто седиште задолжително треба да биде во Општина Свети Николе :
- професионален спорт
- професионални акционерски друштва регистрирани на подрачјето на Општина Свети Николе;
- Општински сојуз/и на училишен спорт;
- Училишни спортски клубови;
- Регистрирани спортски клубови со средиште во Општина Свети Николе во чијшто назив задолжително стои: Свети Николе или Овче Поле;
- здруженија од областа на спортот;
- Сојуз/и на спортови;
- Индивидуални спортисти жители на општина Свети Николе;
-манифестации, турнири и проекти од областа на спортот, културата и општественоит живот во интерес на Општина Свети Николе организирани од здруженија на граѓани или урбани и месни заедници;
- за граѓанскиот сектор, здруженија и фондации, како и социјално хуманитарни здруженија во организации основани со закон а кои Согласно Стаут се организации коишто се непрофитни, хуманитарни, незавнисни органиции на граѓани кои во својата работа го промовираат волонтеризмот;
- организација на Црвениот крст.

**Подносителот на предлог мора:**

1) да е регистриран согласно со закон (правни лица);
2) да има седиште во Свети Николе (правни лица) или да е жител на Општина Свети Николе (физички лица)
3) е регистриран во националниот регистар согласно со закон за спорт (само за спортски клубови и здруженија) (правни лица);
4) да работи исклучиво или претежно на непрофитна основа, освен ако со закон поинаку не е определено;
5) е директно одговорен за подготовка и извршување на предлогот;
6) претходно ја вршел дејноста најмалку една година – се доесува само за област НВО;
7) успешно ја реализирал одобрениот Предлог, доколку во претходните години бил носител;
8) има капацитет за спроведување на предлогот.

*не се однесува за Урбани и месни заедници

Подносителот на предлогот **не смее:**
1) да е во постапка на ликвидација, стечај и е под привремена забрана за вршење дејност;
2) има блокирање на деловната сметка во моментот на склучување на договорот за спроведување и трансфер (уплата) на буџетски средства на деловна сметка;
3) е казнет со правосилна одлука во последните две години за прекршок или економски прекршок во врска со неговото финансиско работење, користење имот, работа со деца или негативни појави во спортот.

**Член 3**

Висината на финансиските средства од членот 1 се обезбедуваат од Буџетот на Општина Свети Николе преку Годишните Програмите на Општина Свети Николе, а кои се усвојуваат на Седници на Советот на Општина Свети Николе а објавуват во Службен гласник на Општината (Во натамошниот текст: Годишни/те програми).

**НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА**

**Член 4**

Распределбата на финансиските средства за примателите на средства се врши врз основа на Јавен повик објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за локален економски развој и јавни дејности на општината на веб страната на општината.

**Член 5**

Во Јавниот повик за областа која се однесува за спортски клубови, професионални спортски клубови, сојузи, индивидуални спортисти – **Област Спорт** содржи:
**Формулар за аплицирање** (кој во електронска форма може да се подигне од Веб страната на Општина Свети Николе);
**Задолжителна документација** потребна за аплицирање на спортските клубови:
- тековна состојба (централен регистар);
- Документ со кои се докажува во која категорија апликантот учествува (супер лига, прва лига, втора лига, трета лига, општинска лига, младинска лига, кадетска лига, пионери);
- Изјава со којашто се потврдува од клубот дали наплаќа/ не наплаќа чланарина (ја издава самиот клуб);
- Годишна програма за работа и функционирањето на спортскиот клуб, односно здружението;
- Постигнати резултати, успеси;
- Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на предлогот за финансирање т.е. програмата/ проект (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции);
- Извешај за потрошените средства добиени од Општина Свети Николе за претходната година (наративен и финансиски извештај);
- Информација каде и во кои спортски сали и/или спортски терени го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес;
- Прилози, фотографии, награди за претходната година.

**Индивидуални спортисти**
- Лична карта/патна исправа
- Трансакцска сметка
- Постигнати резултати и успеси
- Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/ проект (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции);
- Извешај за потрошените средства добиени од Општина Свети Николе за претходната година;
- Информација каде и во кои спортски сали и/или спортски терени го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес;
- Прилози, фотографии, награди за претходната година.

* Спортските сојузи, индивидуалните спортисти и здруженија потполнуваат податоци коишто ги имаат.

Заедно со јавниот повик, општина Свети Николе на својата веб страна објавува образец формулар за аплицирање со останати потребни обрасци.
Примателите на средства можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка. (Или да поднесат повеќе пријави за финансиска поддршка во разни области на делување, но може да добијат средства само по еден основ по избор на комисијата).
Пријавите на предлозите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат.
Доставените прилози не се враќаат.
Предлозите со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назнака „За Комисија за финансии и локален економски развој, на надворешната страна на пликот треба да се наведе точниот назив на повикот за поднесување предлози област Спорт“, целосното име и адреса на подносителот и натписот „Да не се отвора пред официјалното отворање“.

**Оправдани трошоци** согласно правилникот се:
- плати, надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штаб врз основа на правилникот на клубот кој во писмена форма се доставува до Општина Свети Николе;
- организација на патувања и престој на клубот во земјата и странство заради натпреварувања или подготовки;
- изнајмување на сали или терени за натпреварување;
- набавка на промотивни материјали;
- плаќањето за изнајмување на деловен простор за работа на клубот, во износ не поголем од 10% од добиените средства годишно;
- патувања заради учество на стручни семинари, конференции и усовршувања, а по претходнаодлука на органот на управување на спортскиот клуб;
- котизации и членарини во тела во кои членуваат;
- набавка на опрема и реквизити;
- плаќање на комунални трошоци;

- здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на активните спортисти;
- за организација на пријателски и меѓународни натпревари.

Оправданите трошоци мора да се засноваат на реалните трошоци по вид и подвид на трошоци (наведени мерни единици, број на единици и цена по единица), а не на вкупниот износ, освен патните трошоци, дневници и индиректните трошоци.

**Неоправдани трошоци** согласно правилникот се:

- долгови и покривање загуби или долгови;
- каматни долгови;
- ставки кои се веќе финансирани од друга програма;
- трошоци за купување на земјиште и згради и капитални инвестиции, освен кога тоа е неопходно за спроведување на програмата;
- трошоци за загуби поради промени на девизниот курс на финансискиот пазар;
- трошоци за плаќање на рати врз основа на претходно склучени договори (лизинг, кредит и сл.);
- купување на алкохолни пијалоци, безалкохолни газирани пијалоци, брза храна и тутун;
- паркирање во земјата;
- осигурување на живот;
- казни;
- купување на подароци, освен за организација на спортски настани и во согласност со правилата на надлежната меѓународна спортска федерација;
- Активности за поддршка на политички партии;
- „разно“,

*сите трошоци мора да бидат детално опишани во програмскиот буџет.

**Член 6**

Во Јавниот повик за областа која се однесува за Здруженијата и фондации – **<u>Област НВО</u>** содржи:

Формулар за аплицирање (кој може да се подигне од веб страната на Општина Свети Николе);
**Задолжителна документација** потребна за аплицирање на Здруженијата и фондациите е следнава:

- Тековна состојба од здруженијата и фондациите (да се регистрирани минимум 1 година до објавуање на Јавниот повик);
- Годишна програма за работа и функционирање на здружението и фондацијата;
- Предлог/проект со кој ќе се развива културниот и опшествениот живот во Општина Свети Николе;
- Извешај за потрошените средства добиени од Општина Свети Николе за претходната година.

Заедно со јавниот повик, општина Свети Николе на својата веб страна објавува образец формулар за аплицирање со останати потребни обрасци.
Примателите на средства можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка. (Или да поднесат повеќе пријави за финансиска поддршка во разни области на делување, но може да добијат средства само еден основ по избор на комисијата).
Пријавите на предлозите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат.
Доставените прилози не се враќаат.

Предлозите со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назнака „За Комисија за финансии и локален економски развој, на надворешната страна на пликот треба да се наведе точниот назив на повикот за поднесување предлози област НВО“, целосното име и адреса на подносителот и натписот „Да не се отвора пред официјалното отворање“

**Следните активности не се препорачуваат за доделување на финансиски средства:**

- Индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси;
- Индивидуални стипендии за студии или курсеви за обука;

- Повремени конференции (освен ако се неопходни за успешна имплементација на проектот);
- Набавка на опрема (освен ако се неопходни за успешна имплементација на проектот);
- Финансирање на проекти кои се во тек или кои се завршени;
- Проекти кои исклучиво носат добивка на поединци;
- Проекти за поддршка на политички партии;
- Финансирање примарно на подносителите на предлозите/проектите или нивните партнери;
- Доделување грантови на трета страна;

**Член 7**

**Во јавниот повик за областа која се однесува за** натпревари, настани, турнири и манифестации **(културни, спортски и други области) – Област манифестации** содржи:

**Формулар за аплицирање** (кој може да се подигне од веб страната на Општина Свети Николе);
**Задолжителна документација** потребна за аплицирање:

- краток опис на организацијата (за правни субјекти), лична биографија со доказ за постигнувања во областа во која аплицира (за физички лица – не е потребно за МЗ и УЗ),
- доказ за регистрација за вршење на дејност од областа на културата, спортот и др. со седиште на територија на општина Свети Николе (тековна состојба од Централен регистар) *(важи само за правни субјекти)*
- лична карта/патна исправа, со адреса на територијата на општина Свети Николе *(важи само за физички лица)*
- Копија од трансакциска сметка

Заедно со јавниот повик, општина Свети Николе на својата веб страна објавува образец формулар за аплицирање со останати потребни обрасци.
Примателите на средства можат да поднесат повеќе пријава за финансиска поддршка. (Комисијата може да избере само еден или повеќе).
Пријавите на предлозите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат.
Доставените прилози не се враќаат.
Предлозите со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назнака „За Комисија за финансии и локален економски развој, на надворешната страна на пликот треба да се наведе точниот назив на повикот за поднесување предлози област Манифестации“ целосното име и адреса на подносителот и натписот „Да не се отвора пред официјалното отворање“

**Прифатливи трошоци за поддршката**
**Прифатливи трошоци** за поддршката за манифестации и турнири се слединиве:
- трошоци за подготовики и организација;
- изнајмување на штандови и/или бина;
- изнајмување на опрема (аудио и видео опрема, озвучување и осветлување, маси, столици, шатори/пагоди);
- авторски договори;
- огласување во печатени и електронски медиуми (закуп на медиумски простор)
- трошоци за награден фонд и награди за учесниците
- трошоци за ангажман на лица неопходни за манифестацијата/турнирот (судии и други стручни лица)
и - набавка на промотивен материјал (покани, постери, летоци/флаери, банери, брошури, публикации, каталог, зборник, видео или аудио реклама).
**Следните активности не се препорачуваат за доделување на финансиски средства:**

- Индивидуални спонзорства за учество на сопствени членови;
- Набавка на опрема (освен ако се неопходни за успешна имплементација на проектот);
- Финансирање на предлози кои се во тек или кои се завршени;
- Проекти кои исклучиво носат добивка на поединци, освен награди и признанија;
- Предлози за поддршка на политички партии;
- Финансирање примарно на подносителите на проектите или нивните партнери;
- Доделување грантови на трета страна;

**Член 8**

Општина Свети Николе го заджува правото во Јавниот оглас да побара дополнителна документација или да воведе нови критериуми.

**Член 9**

Рангирањето на пристигнатите пријави на Приматели на средства ќе ја врши Комисија за финансии и локален економски развој при Совет на Општина Свети Николе.
По завршување на јавниот повик но не повеќе од 14 календарски дена од завршување на истиот, Претседателот на комисијата за финансии и локален економски развој при Совет на Општина Свети Николе свикува состанок на кои се разгледуваат пристигнатите пријави.
Комисијата има за право да побара достава на дополнителна документација од подносителот на барањето.

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ по посебни категории**

**Член 10**

Рангирањето на пристигнатите пријави од **областа Спорт** ќе ја врши Комисија за финансии и локален економски развој.
Комисијата претходно спроведува анализа на поднесените апликации по која што ќе ги селектира и бодува согласно дадените критериуми.

Комисија за финансии и локален економски развој при одлучувањето доделува бодови за секој критериум одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на бодови за сите критериуми.

Критериумите за оценување се дадени во следните табели:

**Област Спорт**
**<u>Рангирање:</u>**
**колективни спортови (кошарка, ракомет, одбојка, фудбал и др.) – 4 критериуми**

| **1.Ранг на натпреварување** | поени |
|---|---|
| Учество во меѓународни лиги и натпревари | 25 |
| Прва лига по ранг во федерацијата сојузот | 20 |
| Втора лига по ранг во федерацијата сојузот | 15 |
| Трета лига или пониски лиги по ранг во федерацијата сојузот | 10 |
| Региоанална или Општинска лига | 5 |
| Младинска лига национален ранг | 5 |

| **2.Младинска школа** | поени |
|---|---|
| Комплет школа со над 2 категории | 20 |
| Школа со две категории | 15 |
| Школа со само една категорија | 10 |

| **3.Членарина** | поени |
|---|---|
| Клубот/предлагачот не наплаќа членарина | 30 |
| Клубот/ предлагачот наплаќа членарина | 0 |

| **4. Учесници** | поени |
|---|---|
| ***Број на вклучени стручни лица/тренери и др вклучени*** | |
| 3 и повеќе | 20 |
| До 3 | 10 |
| Едно стручно лице | 5 |
| ***Број на вклучени спортисти*** | |
| Над 50 | 25 |
| 30-50 | 15 |
| Од 20 до 30 | 10 |
| До 20 | 5 |

Како прифатливи предлози се предлозите кои по рангирањето од страна на комисијата ќе освојат повеќе од 50 бода.

- **Индивидуални спортови - 4 критериуми**

| **1. Ранг на натпреварување** | поени |
|---|---|
| Учество во меѓународни олимписки натпревари | 30 |
| Државни национални натпревари | 25 |
| Регионални, локални натревари | 10 |

| **2.Младинско учество** | поени |
|---|---|
| Учесник во младински категории | 20 |
| Не учествува во младиснки категории | 15 |

| **3.Членарина** | поени |
|---|---|
| плаќа членарина | 10 |
| неплаќа членарина | 0 |

| **4. Претходен пласман** | поени |
|---|---|
| Пласман во горната половина на ранг листа намеѓународни олимписки натпревари | 20 |
| Пласман во долната половина на на ранг листа на меѓународни олимписки натпревари | 15 |
| Пласман во горната половина на на ранг листа на Државни национални натпревари | 15 |
| Пласман во Долната половина на на ранг листа на Државни национални натпревари | 10 |
| Пласман во горната половина на ранг листа на Регионални, локални натревари | 10 |
| Пласман во долната половина на на ранг листа на Регионални, локални натревари | 5 |

Како прифатливи предлози се предлозите кои по рангирањето од страна на комисијата ќе освојат повеќе од 50 бода.

**Член 11**
Рангирањето на пристигнатите пријави од областа НВО на здруженија и фондации ќе ја врши Комисија за финансии и локален економски развој.
Комисијата претходно спроведува анализа на поднесените апликации по која што ќе ги селектира и бодува согласно дадените критериуми.

Комисија за финансии и локален економски развој при одлучувањето доделува бодови за секој критериум одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на бодови за сите критериуми.

Критериумите за оценување се дадени во следната табела:

| **критериум** | **Бодови** |
|---|---|
| **I. Апликација** | **25** |
| - Детално и јасно разработена идеја согласно правилникот и јавниот повик | 20 |
| - Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на спортскиот, културниот и општествениот живот (локалниот и економскиот развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата, туризмот и други области). | 5 |
| **II. Буџет** | **25** |
| - Детално разработен финансиски план за средствата потребни за реализација на програмата/проектот | 10 |
| - Оправданоста на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции) | 10 |
| - Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **III. Квалитет на предлогот** | **50** |
| -Придонес за решавање на определен проблем на подрачјето на Општина Свети Николе од областа на спортскиот, културниот и | 20 |

| | |
|---|---|
| опшествениот живот (локалниот и економскиот развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата, туризмот и други области). | |
| - Придонес на проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на Општина Свети Николе | 20 |
| - Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

Како прифатливи предлози се предлозите кои по изборот од страна на комисијата ќе освојат повеќе од 50 бода.
Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа

**Член 12**

Рангирањето на пристигнатите пријави од **областа Манифестации која се однесува за** натпревари, настани, турнири и манифестации **(културни, спортски и други области)** ќе ја врши Комисија за финансии и локален економски развој.
Комисијата претходно спроведува анализа на поднесените пријави по која што ќе ги селектира и бодува согласно дадените критериуми.

Комисија за финансии и локален економски развој при одлучувањето доделува бодови за секој критериум одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на бодови за сите критериуми.

| Опис | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **40** |
| 1.1. Капацитет на Организацијата во однос на човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2. Стручност на лицата кои учествуваат во спроведување на предлогот | 10 |
| 1.3. Искуство на Организацијата во спроведување на проекти од таков обем во соодветната област | 10 |
| 1.4. Просторна и/или техничка опременост на Организацијата за спроведување на предлогот | 10 |
| **2. Квалитет на предлогот** | **60** |
| 2.1. Реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на цели за развој на достигнувањата во областите на спортскиот, културниот и опшествениот живот (локалниот и економскиот развој, образованието, културата, младите, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата, туризмот и други области). | 20 |
| 2.4. Детално разработени Предлог со активности | 15 |
| 2.5. Оценка на оправданоста на трошоците на предложениот финансиски план (реалистичен буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 15 |
| 2.6. Оценка за учеството на организацијата во предвидениот предлог со финансиски средства обезбедени од сопствени и други извори | 10 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

Како прифатливи предлози се предлозите кои по изборот од страна на комисијата ќе освојат повеќе од 50 бода.

**Член 13**

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува предлог ранг листа.
По спроведеното бодување Комисијата изработува записник со прилог утврдена бодовна ранг листа листа кадешто задолжително се наведени насловите на предлозите, заедно со наведени вкупен број на побарани средства и вкупен број на сопствено учество на подносителите на предлози, како и областа на којашто се однесуваат.

Записникот со прилог бодовна листа како и комплетната документација се доставува до Градоначалникот на Општина Свети Николе.
Висината на средствата за секој од подносителите на предлозите кои ги исполниле критериумите од Овој Правилник ја утврдува градоначалникот на предлог на комисијата.
Комисијата својот предлог го заснова на мислење на Секторот за финансиски прашања согласно состојбата у можностите на буџетот.
Градоначалникот изготвува решение за конечната ранг листа во којашто задолжително се наведува износот на одобрените средства, како и во која Нацрт програма ќе биде составен дел (подсметка),
Конечната ранг листа се истакнува јавно на Огласна табла и на Веб страната на Општина Свети Николе.
Одобрените Предлози од страна на Општинските служби се внесуваат во секоја од Нацрт годишните програми на Општината.
По усвојување на Годишните програми од страна на Советот на Општина Свети Николе, Градоначалникот склучува поединечни договори со Примателите на средства.
Против бодовната листа на Комисијата и конечната ранг листа на Градоначланикот нема право на жалба.
Доколку нема доволно средства во рамки на програмите за некои предлози, тие ќе бидат земени во предвид во текот на тековната година без да се објавува нов јавен повик за сите ребаланси кои ќе се прават на програмите во текот на тековната година за којашто се однесува барањето.

**Член 14**

Комисијата може да го поништи јавниот повик доколку:

- Не е пристината ниту една пријава
- Пријавите на предлозите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите согласно член 5,6 и член 7 од Правилникот
- Не се донесе решение за доделување на финансиски средства во рок од 15 дена од денот на доставување на ранг листата до Градоначалникот

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

**Член 15**

По усвојување на годишните програми, од страна на Советот на Општина Свети Николе, Градоначалникот склучува поединечни договори со примателите на средства.

**Член 16**

Договорот со корисниците на финансиска помош ги содржи следените елементи:

-страни на договорот,
-предмет на договорот,
-обврски на договорните страни,
-рокот на важност на договорот,
-причини за раскинување на договорот.

Притоа, препорачано е при потпишување на договорите да се поканат претставници на медиумите и општинскиот совет така што граѓаните и пошироката јавност да се запознаат со работата на општинските органи, нивната посветеност за подобра соработка и финансирањето проекти, активности кои се директно поврзани со унапредување на на вредностите и достигнувањата во областите на спортскиот, културниот и опшествениот живот (локалниот и економскиот развој, образованието, културата, младите, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата, туризмот и други области) во општината.

**КОНТРОЛА НА НАМЕНСКОТО ТРОШЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**

**Член 17**

Примателите на средства се должни да доставуваат годишни финансиски извештаи поткрепени со (фотокопирана комплетна документација фактури, банкови изводи, касови изводи, фискални сметки) за потрошените средства добиени од Општина Свети Николе до Секторот за финансиски прашања како и до Комисија за финансии и локален економски развој.
Годишниот извештај се доставува 30 дена по искористување на средствата, најдоцна до 25ти декември за тековната година и истиот содржи податоци за начинот, намените и периодот на трошење на средствата, ефектите од користењето на средствата остварените резултати, а во прилог се доставува детален приказ на потрошените средства (поткрепен со документација од став 1 од овој член).

